Бр. 08-1501/2
23-05-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на седумнаесетата седница одржана на ден 22.05.2019 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоци, постапката против лицето Ристо Кукутанов, се запира поради застареност на поведување и водење на прекршочната постапка.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Предметот со број 08-1501/1 од 15.03.2019 година да се затвори и да се архивира..

*Образложение*

ДКСК на седницата одржана на ден 07.03.2019 година донесе заклучок да изврши увид за тоа дали поднеле анкетни листови за имотната состојба Ректорите и Деканите на сите државни универзитети во Република Северна Македонија.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето Ристо Кукутанов, декан при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип не поднело анкетен лист по изборот на функцијата декан. Тргнувајќи од наведеното ДКСК по сопствена иницијатива оформи предмет заведен под архивски број 08-1501/1 од 15.03.2019 година.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, од Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип побара податоци и документација за сите актуелни декани на Универзитетот и тоа: актот за избор/именување, нивниот ЕМБГ и точната адреса на живеење.

Од страна на Универзитетот беа доставени бараните податоци и документација.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Од прибавените податоци и документација и од увидот во својата евиденција ДКСК констатира дека лицето Ристо Кукутанов е назначен за декан на Машинскиот факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на 15.09.2015 година а анкетниот лист го поднел до ДКСК на 15.03.2019 година.

Имајќи во предвид дека прекршокот е сторен на 15.10.2015 година, а согласно член 43 став 1 од Законот за прекршоци: „Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат три години од денот кога е сторен прекршокот", ДКСК донесе одлука за запирање на постапката против лицето Ристо Кукутанов, поради застареност на поведување и водење на прекршочната постапка.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk